Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 26, 3 септември 2009 година

септември 2009 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област текстилно инженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-научната област информациони системи на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор/реизбор на наставник по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Група за одделенска настава на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област трговско право на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа дидактика, методика и педагогија на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната област општествени науки, подрачје социологија, по предметите Социологија на образованието, Основи на општествено уредување, Религиски системи (изборен), Мултикултурно образование (изборен) на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област зрнесто-клубести култури на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР/РЕИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ПО ПРИРОДА И ОПШТЕСТВО НА ГРУПА ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Врз основа на Одлуката на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" во Штип, бр. 2102-58/3 од 10.7.2009 година, избрани сме за членови на Рецензентска комисија за избор и реизбор на наставник по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Групата за одделенска настава на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев". По опстојното систематско анализирање, проучување и разгледување на конкурсните материјали, имаме чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На Конкурсот објавен во весникот „Дневник", на 4.7.2009 година, за избор - реизбор на наставник по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Групата за одделенска настава на Педагошкиот факултет во Штип, се пријави само кандидатот проф. д-р Кирил Цацков, вонреден професор по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

***Биографски податоци***

Кандидатот **проф. д-р Кирил Цацков** е роден на 22 февруари 1948 година во Штип. Основно и средно образование завршува во родниот град, со солиден успех, за што повеќе пати бил наградуван со книги од наставничките совети на училиштето.

По завршување на средното образование кандидатот се запишува како редовен студент на групата Историја при Филозофскиот факултет во Скопје и по успешно завршените студии и дипломирањето со висок просек на овој факултет се вработува како професор по предметот Историја во УТЦ „Димитар Мирасчиев" во Штип. Од 1980 до 1991 година кандидатот работи како директор на Кино „Култура" во Штип, а истовремено изведува настава по предметот Општа историја, како хонорарен (надворешен) соработник на Педагошката академија „Гоце Делчев" во Штип, на групата Историја - Географија.

Желбата за надградување на образованието кандидатот ја реализира со запишување на постдипломски студии на Филозофскиот факултет во Скопје, група Историја, а по положување на предвидените наставни предмети, во 1991 година, со успех го одбранува магистерскиот труд со наслов „*Штип и Штипско меѓу двете светски војни*" и се здобива со академско звање **магистер по историски науки.**

На 24.3.1999 година, кандидатот проф. д-р Кирил Цацков на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје успешно ја одбранува својата докторска дисертација со наслов „*Штипскиот регион меѓу двете светски војни 1918-1941*" и се здобива со научен степен **доктор на историски науки.**

Со формирањето на Педагошкиот факултет во Штип, во 1995 година, кандидатот се вработува во постојан работен однос како професор по предметите Методика на наставата по природа и општество и Историја. На таа должност се наоѓа и денес.

Напоредно со неговата методско-дидактичка и педагошко-психолошка работа со студентите, кандидатот д-р Кирил Цацков во текот на своето работење интензивно се занимава и со општествена активност. Така, тој врши повеќе општествени функции, меѓу кои директор на Кино „Култура", продекан за финансии на Педагошки факултет „Гоце Делчев", претседател на Управен одбор на Завод за заштита на споменици на културата во Штип, член на претседателство на Мекедонско-хрватското друштво, потпретседател на Здружение на просветни работници во Штип, претседател на Општинска организација на Црвен крст во Штип и други.

Од 1.6.2009 година, Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” го избира проф. д-р Кирил Цацков за декан на овој факултет и таа функција со успех ја извршува.

Кон пријавата, Цацков го приложува следниов список на објавени научни и стручни трудови.

**Список на објавени книги и трудови**

1. „Просветата и културата во Штип и Штипско меѓу двете светски војни“, книга, Глобус, Скопје, 1995 година
2. „Штипскиот регион меѓу двете светски војни 1918 - 1941“, книга, Педагошки факултет „Гоце Делчев”, Штип, 2002 година
3. „Зачетоци, развиток и активности на Штипскиот театар меѓу двете светски војни“, Зборник 7, Завод за заштита на спомениците на културата и народен музеј - Штип, НИП „Нова Македонија”, РЕ, Печатница - Скопје, 1996 година
4. „Српската колонизација во Штипскиот регион“, Зборник 8, Завод за заштита на спомениците на културата и народен музеј - Штип, Растер - Прилеп, 1998 година
5. Учество со свој труд на трибината „Вредностите на Учителската школа ’Гоце Делчев’ ” - Штип, март 1999 година
6. „Евреите во Штип меѓу светски војни“, Зборник на трудови и сеќавања, ученички творби од Фондацијата 11 март 1943 година, издава Еврејската заедница во Македонија, Скопје, 1999 година
7. Стручно-научна трибина на тема „Образованието и религијата“, Битола, 16-17 јули 1999 година, со трудот „Српската црква во Штип и Штипско помеѓу двете светски војни“
8. „Историските аспекти на школството во Штип и Штипско од Јосиф Ковачев до крајот на Првата светска војна“, Годишен зборник, Педагошки факултет „Гоце Делчев”, Штип, 2001 година
9. „Улогата на српската црква во Штип и Штипско меѓу двете светски војни“, Годишен зборник 6 , бр. 5-6, Штип, 2005/2006
10. Ecological learning in educational process in Balkan sountry - Bridge to become closer, Интернационален фестивал на млади „Евроарт 2008” - Интеркултурен дијалог и интеграција, 12-13 мај 2008 година, Благоевград
11. Наставното ливче во функција на индивидуалната работа на ученикот - апликативност, творештво и самостојна работа, Меѓународна научно-практична конференција, „Основното и предучилишно образование и воспитание - предизвик на 21 век”, 23.5.2008 г. Штип
12. Наставата на методиката на природа и општество во функција на еколошкото воспитние и образование, The Third Internacional Symposium of the Ecologisis of the Republic of Montenegro (ISEM3), Herceg Novi, Montenegro, 8 - 12 October 2008
13. Сергеј Михајлов - Musical Pedagogue And Composer And His Contribution To The Development And Rise Of Musical Life In Stip And Macedonia, Сборник научних трудов, бр. 15, Москва 2009.

**Учество на научни симпозиуми и конференции**

1. Симпозиум на тема: Културно-просветните прилики во Македонија од 1918 до 1941 година, Виница, 25-26.6.1999 година со труд „*Културниот живот во Штип и Штипско меѓу двете светски војни*”
2. Научен собир „*Градовите во Македонија во 1944 година”, Штип 22.10.1999 година, со труд „Ослободување на Штип - 1944 година*”
3. Тркалезна маса на тема „Вредностите на Учителската школа ’Гоце Делчев’, за образованието, науката и културата”, 25.11.1999 година, Штип
4. Учество на симпозиум „*Педагог - иноватор, креатор и моделатор на воспитно-*

*образовната дејност*" со тема „*Историско-просветните аспекти на педагошката дејност*", Штип, 24 и 25 декември 1999 година

5. Учесник на конгресот во Софија, Р. Бугарија, 5-7 октомври 2000 година, со тема „*Тифусната треска во Македонија 1915 година*"
6. Учество на првиот научен симпозиум за историјата на медицината во Македонија, со тема „*Славјанка Влавчева - добитник на меѓународното признание за сестринство Флоренс Најтингел*", Штип, 7-8 јуни 2001 година
7. Учество на меѓународната научна конференција, 2-3 ноември 2001 година, Благоевград, Р. Бугарија, со трудот „*Јосиф Ковачев - втемелувач на модерната педагошка мисла во Македонија*"
8. Научна каонференција, 23 мај 2002 година, Штип, на тема „*Примарното и континуирано образование на учителот*", со трудот „Учителот - носител на современата педагошка мисла"
9. Учество со реферат на меѓународниот симпозиум во Китен, Р. Бугарија, 2002 година, на тема „*Учителот носител на современата педагошка мисла, хуманизација и социјализација*"
10. Учество со излагање на меѓународна научна конференција, 11-13 април 2003 година, Пловдив, Р. Бугарија, на тема „*Образованието и социјалните интеграции*"
11. Учество на I Балкански конгрес за историја на медицината на тема „*Ленче Кепевска - корифеј на македонското сестринство*", Охрид, 23-25.9.2003 година
12. Учество на конференција во Едрене, Турција, на тема „*Современата образовна технологија, креативен и мотивиран поттик на наставниците и учениците во основно училиште*", 8-10.10.2004 година
13. Учество на театролошки симпозиум со тема „*Придонесот на професорите и учениците во гимназијата во Штипскиот театар меѓу двете светски војни*", 5-6 ноември 2004, Штип
14. Учество на III Интернационален балкански конгрес на тема „*Граѓанското образование во училиштето - незаменлива компонента во процесот на воспитанието и формирање на личност граѓанин*", Штип, 22-24.9.2005 година
15. Учество на II Медицински конгрес за историја на медицината на тема „*Цвета Хаџи Василева - добитник на меѓународното признание за сестринство Флоренс Најтингејл*", 3-5.11.2005 година, Струмица
16. Учество на научна каонференција во Благоевград, Р. Бугарија, на тема „*Апликација на образовната технологија во основното училиште - императив на новото време*", 27-28 октомври 2006 година
17. Учество на IV Меѓународен симпозиум на тема „*Информатичката технологија како клучен фактор за реализација на граѓанското образование во основното училиште*", Нови Сад, 26 - 27.1.2007 година
18. Учество IV Интернационален конгрес на тема: „*Иновациите во методиката по природа и општество - услов за развој на ученикoвата интелектуална мисла, креативност и самостојно творештво*", 2007 година, Стара Загора
19. Работна посета и склучување на договор за соработка помеѓу двата универзитета - Москва, 16 - 22.10.2007 година
20. Учество на симпозиум во Москва, Русија, на тема „*Сергеј Михајлов - музички педагог, композитор, и неговиот придонес за развитокот и подемот на музичкиот живот во Штип*", Москва, 5-7.11.2007

**Учество на стручни и научни семинари**

1. Учество на три семинари во рамките на проектот „*Активна настава - интерактивно учење*" - Охрид, Струга, 1999-2000 година
2. Учество на три семинари во рамките на проектот „*Чекор по чекор*" - Охрид, Велес, 1999-2000 година
3. Учество на еден семинар во рамките на проектот „*Со читање и пишување до критичко мислење*" - Охрид, 2002 година

4. Стручно научна средба „*Актуелните проблеми на образованието во Делчевско и во Република Македонија*", 1 март 2002 година, Делчево
5. Учество на семинар во рамките на проектот „*Основи на демократија*", Кочани, 21.1. до 2.2.2003 година
6. Учество на семинар во рамки на проектот „*Граѓанско образование*" - пат кон отворено општество, во организација на ЦРС и БРО на Македонија, во јануари и мај 2004 година
7. Студиски претстој во Полска - Варшава, Краков, 17 - 23.10.2004 година, во рамки на проектот „Граѓанско образование - пат кон отворено општество"
8. Учество на еден семинар во рамките на проектот „Со читање и пишување до критичко мислење", Охрид, 2-4.12.2005 година
9. Учество во реализација на проектот „Креативна *настава и учење*", Охрид, 23-25.3.2006, 24 - 26.11.2006 година
10. Учество на еден семинар во рамките на проектот „Обука за образование за социјална правда", Охрид, 24-26.12.2006 година

**Рецензент на стручни и научни книги и учебници**

Кандидатот бил рецензент на повеќе книги и учебници, меѓу кои:

1. Книгата на Котев Иван - „*Робовското училиште од преродбата до денес*"
2. Рецензент на учебник по предметот Општество за IV одделение на анонимниот конкурс на „*Просветно дело*"
3. Промотор на книгата „*Виничка афера*" од проф. д-р Александар Апостолов
4. Рецензент на монографијата „*Медицински центар - Штип, вчера и денес*" од Елена Јосимовска
5. Рецензент на трудот „*Штипските чешми вековен извор на животот*" од авторот Душко Стојанов
6. Рецензент на биографијата „*Македонецот во Штип*" од Александар Кукубајски

   Рецензент на учебници по историја:
7. „*Историја за I година - реформирано гимназиско образование*" од авторите Ѓорѓи Павловски, Диме Мацовски и Јово Ратковиќ
8. „*Историја за II година - реформирано гимназиско образование*" од авторите Ѓорѓи Павловски, Диме Мацовски, Сузана Митевска, Димко Поповски, Невенка Јовановска
9. „Историја на Македонија" од авторот Александар Трајановски

Во досегашната научноистражувачка работа, проф. д-р Цацков, главно се ориентира кон истражување и расветлување на настани од поблиското историско минато на Штип и Штипско, поврзани со просветата, културата и школството, потоа со методиката на наставата по природа и општество и нејзиното место во унапредувањето на нашиот воспитно-образовен систем и друго.

Од списокот на објавени книги и трудови (13) со број 1, 2 и 8, авторот расветлува на стручен и научен план настани и состојби кои дале белег на просветата и културата во Штип и Штипско меѓу двете светски војни (1918-1941). Трудовите се оригинални, содржински издржани и имаат апликативно значење за понатамошно истражување на сите млади кадри кои сакаат да се надградуваат и да сознаваат нови докази за градот во кој живеат, но и за други кои ќе покажат желба да откријат нешто ново и да дадат значаен придонес од интерес за науката и образованието. Во трудовите со број 4 и 9 авторот исцрпно ја опишува српската колонизација во Штип, како и улогата на српската црква во асимилирањето на македонскиот народ, преку еден непосреден начин додавајќи на секое новороденче еден предзнак со српско обележје. Авторот правилно констатира дека српската колонизација не донела благодет во штипскиот регион, туку настојувала уште повеќе да го онеправда и осиромаши македонскиот граѓанин кој бил присилен да учи на српски јазик, да зборува српски, да служи во српска војска и да работи за туѓи интереси.

Во трудот со број 6 авторот дава целосна слика за една етничка заедница од еврејско потекло, која дала посебен белег на градскиот живот и градската чаршија меѓу двете светски војни. Со право констатира и непоменува дека оваа заедница има значаен придонес во раздвижување на трговијата во градот, како и во нивното спонзорство во издигнување на некои културни придобивки за сите жители во градот.

Во трудовите со број 7, 11 и 12 станува збор за методско-дидактички и педагошко-психолошки проблеми и начини за нивно надминување, односно барање патишта за поефикасна и попрактична примена на одредени знаења и сознанија во наставата по запознавање на природата и општеството.

Овие трудови имаат апликативна вредност и значење за сите одделенски наставници кои изведуваат настава од I до IV одделение. Од овие трудови посебно го издвојуваме трудот број 2, каде станува збор за наставата по природа и општество, во функција на еколошкото воспитание и образование. Заштитата на животната средина е нова многу значајна и мошне актуелна гранка која го свртува вниманието на целокупната светска популација. Воспитувањето на учениците од најмала возраст во чување и заштита на својата околина и животна средина се од непроценливо значење за опстанок на планетата Земја, а со тоа и на човекот.

Во трудот со број 3 авторот пишува за театарот во Штип меѓу двете светски војни и неговиот придонес во културното издигање на населението кој во тој период претставувал „стожер" и „светилник" на културниот живот, но и „искра" да се заиграт комедиите, пиесите и драмите на народен македонски јазик. Во трудот со број 5, проф. д-р Цацков дава широко образложение за вредностите на Учителската школа „Гоце Делчев" во Штип. Тој констатира дека оваа школа, како и другите две во Скопје и Битола, беа првите втемелувачи на описменувањето на младите генерации во нашата земја. Младите учители по излегување од оваа школа беа најзначајната авангарда која требаше да работи и со постарите преку аналфабетски курсеви. Меѓутоа во периодот на шеесеттите години, кога во Р. Македонија недостасуваа околу 2.000 учители, тие неуморно работеа со четири паралелки и со над 80 ученици, а во некои средини тој број беше и поголем. Така за овие ентузијасти немаше одмор, па работеа пред ручек и по ручек во две смени.

Во трудот број 13 авторот дава исрпна биографија и податоци за една знаменита личност - музичкиот педагог Сергеј Михајлов.

Од списокот на објавените книги и трудови треба да се истакне дека трудовите со број 12 и број 13 се публикувани во Херцег Нови (Република Црна Гора) и во Москва (Руска Федерација), со што имаат и меѓународно значење и признание.

Во списокот за научни симпозиуми и конференции кандидатот дава на увид 20 прилози на трудови и тоа: 7 од симпозиуми, 5 од конгреси, 5 од конференции, 1 од научни собири, 1 од тркалезна маса и една работна посета во Москва (Руска Федерација).

Од трудовите презентирани на симпозиуми и публикувани во научни зборници посебно ги издвојуваме оние со број 4, 9 и 17, од каде што може да се констатира долгогодишното истражување на авторот во полето на методиката и дидактиката. Сите тие по својата поставеност и содржина се актуелни и побудуваат интерес во наставната практика. Во трудовите, проф. д-р Цацков правилно забележува и заклучува дека современиот наставник во градинките, основните и средните училишта сè почесто треба да ја напушта училницата како објект на изведување на наставниот процес, а сè повеќе да ја користи природната и општествената средина, каде преку конкретни примери многу поуспешно ќе ги реализира наставните содржини.

Значајно внимание заслужуваат овие трудови, бидејќи два од нив се презентирани надвор од нашава земја, односно еден во Китен (Р. Бугарија) и еден во Нови Сад (Р. Србија), со што ја афирмираат македонската научна мисла на балканските простории. Посебно внимание од другите трудови презентирани на симпозиуми заслужува трудот број 20. Тој труд има етнолошко и етномузиколошко значење, не само за Штип, туку и пошироко за еден географски простор кој ги надминува рамките на една држава и не признава граници, туку станува интернационален, со светско значење. Уште поголемо значење и тежина има трудот што е презентиран во Москва (Руска Федерација) и ги надминува балканските граници и станува европски познат и прифатен како таков.

Од трудовите презентирани на конгреси (5) посебно го издвојуваме трудот број 18. Во него доаѓа до израз неговото богато методско-дидактичко и педагошко-психолошко искуство. Тој, низ конкретен и практичен пример, го разработува споредувањето како мисловна постапка, како и различните приоди во реализацијата на наставната содржина, при што се постигнува перманентна динамичност, ефикасност и рационалност, кои имаат директно влијание врз развојот на психичките процеси кај децата и кај учениците.

Петте труда од научните конференции заслужуваат внимание, бидејќи во сите нив разработува актуелни проблеми поврзани со наставата, а особено со методиката по ЗПО и во таа смисла дава корисни сугестии и упатства како на наставниците за адекватно и современо презентирање на наставниот материјал, така и на учениците за полесно усвојување на одредена наставна содржина. Основната констатација што авторот ја извлекува од овие истражувања е дека новите технологии и новото време бараат современ наставник на XXI век, кој ќе ги прифати сите предизвици и ќе стане не само иноватор, туку и креатор и модератор кој ефективно ќе ја води наставата до совршенство преку економични начини, патишта и постапки.

Од учеството на стручни и научни семинари**,** проф. д-р Цацков приложил 10 трудови. Од нив како најзначајни ги издвојуваме трудовите со број 1, 2, 3, 4, 8 и 9. Од анализата на трудовите може да се заклучи дека кандидатот постигнал најзабележителен успех во истражувањата од областа на наставата од I до IV одделение, потоа со методиките на наставата по ЗПО, како и со методиките од наставата по историја за основно и средно образование.

Покрај другото, кандидатот низ овие трудови ги разработува најзначајните наставни форми на работа, како што се: програмирана настава, групна форма на работа, индивидуализирана форма на работа, работа во парови - тандеми и други. Низ овие форми на работа, придружени со практични примери, тој им укажува на наставниците - практичари дека сите овие форми на работа го зголемуваат интересот за усвојување на нови знаења кај учениците, ги мотивираат, го будат нивното внимание и ги поставуваат во активна состојба на логичко мислење и помнење. Понатаму тој укажува дека низ различни форми на работа многу полесно се реализираат наставните содржини и им се овозможува на учениците да анализираат, споредуваат и генерализираат. На тој начин се постигнува многу поголем ефект во наставно-воспитниот процес, што е императив на современата настава.

Голема доверба кон кандидатот, поради неговата стручност, покажале повеќе издавачки организации. Така, тој во последниве десет години рецензирал девет учебници. Од нив, посебно ги истакнуваме рецензиите на книгите со број 7, 8 и 9, од аспект што кандидатот Цацков е доктор по историски науки, а и денес предава историја на студентите по одделенска настава на Педагошкиот факултет во Штип. Во своите рецензии под наведените броеви тој дава многу корисни сугестии за расветлување на одредени историски настани, но и за современиот изглед на учебникот по историја, содржините во него, постапките, методите, формите на работа и друго.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од списокот на трудови и нивната анализа се гледа дека кандидатот проф. д-р Кирил Цацков својата научноистражувачка активност ја ориентирал кон повеќе актуелни проблеми од современата методика по ЗПО, но истовремено настојувал да расветли и историски настани од нашето поблиско минато, како и личности кои дале значаен придонес во полето на музиката, здравството и во други области.

Со перманентна работа доста навлегол во суштината на истражувањата од методиката, педагогијата, историјата, екологијата и други наставни области. Фактот што кандидатот д-р Цацков учествувал со свои научни трудови на 7 симпозиуми, 5 конгреси, 5 конференции, 1 научен собир итн., јасно зборува дека тој се оформил и афирмирал како солиден научен работник.

Посебен придонес д-р Цацков дава во полето на методиката на наставата по запознавање на природата и општеството и придонел во збогатување и унапредување на методско-дидактичката и педагошко-психолошката мисла во нашиот воспитно-образовен систем.

Од биографските податоци се гледа дека д-р Цацков работел како директор на кино, како професор во средно училиште и како професор на виша школа и на факултет. Меѓутоа освен стручната и научната работа бил активно вклучен и во општествени хуманитарни организации.

Рецензентската комисија го познава кандидатот како многу солиден, работлив, трудољубив, извршителен, принципиелен, доследен и скромен, што е позитивна особина на една интелектуална личност.

На работното место доцент и вонреден професор по запознавање на природата и општеството се истакнува како солиден стручњак кој совесно ја врши својата педагошка работа. Особено треба да се истакне неговата несебична помош што им ја укажува на студентите на Групата за одделенска настава. Тој со нив комуницира на најнепосреден начин применувајќи разни методи, постапки и форми на работа, со цел да се оформат како солидни стручњаци за одделенска настава.

Во работата д-р Цацков се одликува со стручност, совесност, педантност и чесност, особини кои се многу важни за секое работно место, а особено за наставник во високообразовна институција.

Врз основа на заклучоците произлезени од рецензијата, Рецензентската комисија позитивно ја оценува неговата научно-стручна и наставно педагошка работа и смета дека наполно ги исполнува сите услови од научен, стручен и педагошки аспект да биде реизбран за наставник по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество.

Имајќи го предвид фактот дека кандидатот остварил повеќегодишно работно искуство и притоа се оформил како истакнат научен работник во областа на историската и педагошката наука, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" да му предложи **проф. д-р Кирил Цацков** да го избере во звањето **вонреден професор** по предметот ***Методика на воспитно-образовната работа по запознавање на природата и општеството.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ѓорѓи Павловски, редовен професор, с.р.**

**Проф. д-р Александар Илиевски, редовен професор, с.р.**

**Проф. д-р Блаже Китанов, редовен професор, с.р.**

**Прилог**
**Табела за вреднување на активностите на проф. д-р Кирил Цацков, во реизборниот период 2005-2009 година, според Критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма (на ЦД, ДВД и сл.) | 1 | 6 | 6 |
| Рецензент на соработници и наставници | 4 | 1 | 4 |
| Рецензент на учебник | 9 | 1 | 9 |
| Ментор на одбранета дипломска работа | 7 | 1 | 7 |
| Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 7 | 0,2 | 1,4 |
| Предавања (12x1,5x5)+(2+(4x1,5x2)+1 | 68 | 1,5 | 102+3=105 |
| Вежби (5x1x5)x0,2+(10x2x5)x0,2 | 125 | 0,2 | 25 |
| Член на комисија за ученички или студентски натпревари | 5 | 0,5 | 2,5 |
| Статија во наставно-образовно списание | 1 | 4 | 4 |
| Рецензент на труд од областа на наставно-образовната дејност | 1 | 2 | 2 |
| Вкупно | | | 165,9 |
| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир (во странство) | 7 | 2 | 14 |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови на научен собир (во земјава) | 5 | 1 | 5 |
| Уредник на зборник на трудови (во земјава) | 1 | 2 | 2 |
| Учесник на научен проект (во странство) | 1 | 2 | 2 |
| Учесник на научен проект (во земјава) | | | |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| Рецензент на научен труд | 1 | 2 | 2 |
| Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 3 | 1 | 3 |
| Вкупно | | | |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Труд во стручно (научно-популарно списание) | 2 | 2 | 4 |
| Член на уреднички одбор на стручно списание | 2 | 0,5 | 1 |
| Декан | 1 | 12 | 12 |
| Продекан | 1 | 8 | 8 |
| Шеф на институт | 1 | 4 | 4 |
| Член на факултетски орган, комисија | 1 | 2 | 2 |
| Вкупно | | | 31 |
| **ВКУПНО** | **232,9** | | |